# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
# АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Бр. 12-925/2
Скопје 18.03.2022 г.

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје
Република Северна Македонија

Тел. + 389 2 3103 400

www.avmu.org.mk
www.avmu.mk
contact@avmu.mk

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги како имател на информации, врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 15[1], од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20 и 77/21), а согласно член 20 став 1, член 21 и член 27 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/19) и член 88 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.124/15), постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер бр.0302-169/1 од 02.03.2022 година (наш.арх.бр.12-925/1 од 09.03.2022 година), поднесено од барателот на информација [redacted], преку застапник/полномошник на барателот на информацијата [redacted], на ден 18.03.2022 година донесе:

## Р Е Ш Е Н И Е

**1. ПОЗИТИВНО СЕ ОДГОВАРА** на Барањето за пристап до информации од јавен карактер, бр.0302-169/1 од 02.03.2022 година (наш.арх.бр.12-925/1 од 09.03.2022 година), поднесено од барателот на информација [redacted] 26/1-2, Скопје, е-маил: center@ccc.org.mk, во однос на следните [redacted] поврзани со јавна набавка на „Средства за заштита од пандемијата COVID-19“ со бр.16311/2021:

- Одлуката за јавна набавка;
- Образложение за причините и потребата од набавката и начинот на којшто се утврдени потребната количина и квалитет на предметот на набавка (доколку постои посебен документ);
- Образложение за начинот на којшто е утврдена проценетата вредност на набавката;
- Изјави за непостоење на судир интереси во однос на конкретната јавна набавка;
- Записник од јавно отворање на понудите;
- Извештај за извршената евалуација на понудите;
- Извештај од спроведена постапка;
- Извештај од текот на спроведената електронска аукција;
- Одлука за избор на најповолна понуда или одлука за запирање на постапката или одлука за поништување на постапката;
- Документ во кој се потврдува приемот на предметот на набавката (испратница, приемница или друг соодветен документ) ;
- Документ за извршените плаќања по договорот за јавната набавка и

[1] Алинеите 8 и 9 се избришани, види: член 8 од Законот за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.248/18)

- Одлуката за назначување на лице за следење на реализацијата на договорот за јавна набавка (доколку е назначено такво лице).

**2. СЕ ОВОЗМОЖУВА ЦЕЛОСЕН ПРИСТАП** до бараната информација од јавен карактер, и тоа:

- Одлуката за потреба од јавна набавка, која се доставува во прилог на ова Решение, како Прилог бр.1;
- во образложението на напред наведената Одлука, согласно член 77 став 3 од Законот за јавните набавки, образложена е потребата од набавката, каде што е наведено дека согласно постојната состојба со пандемијата од корона вирусот (КОВИД-19) во Република Северна Македонија и упатствата на Владата на Република Северна Македонија, потребно е да се реализира предметната набавка, за да се овозможи заштита од Корона вирусот на вработените во Агенцијата. Потребната количина е утврдена согласно бројот на вработените во Агенцијата, а квалитетот на средствата е определен според видовите/моделите на средствата кои се понудени на пазарот.
- Проценетата вредност на набавката е утврдена со анализа на пазарот, односно со контактирање на повеќе економски оператори кои нудеа таков вид на средства, согласно бројот на вработените во Агенцијата, при што беше земено во предвид и можното зголемување на цените на тие производи во тој период.
- Изјави за непостоење на судир интереси во однос на конкретната јавна набавка, кои се доставуваат во прилог на ова Решение, како Прилог бр.2;
- Записник од јавно отворање на понудите, кој се доставува во прилог на ова Решение, како Прилог бр.3;
- Извештајот за извршена евалуација на понудите е содржан во Извештајот од спроведена постапка;
- Извештај од спроведена постапка, кој се доставува во прилог на ова Решение, како Прилог бр.4;
- Извештај од текот на спроведената електронска аукција, кој се доставува во прилог на ова Решение, како Прилог бр.5;
- Одлука за избор на најповолна понуда, која се доставува во прилог на ова Решение, како Прилог бр.6);
- Документ во кој се потврдува приемот на предметот на набавката (испратница, приемница или друг соодветен документ) (Прилог 7);
- Документ за извршените плаќања по договорот за јавната набавка (Прилог 8);
- Агенцијата како договорен орган/набавувавач, согласно одредбите од Законот за јавните набавки, врши контрола дали извршувањето на договорот за јавна набавка е во согласност со условите од договорот. Следењето на реализацијата на договорот за јавна набавка се врши од вработени во Секторот за финансии и логистика и во Секторот за правни работи и јавни набавки, согласно Правилникот за систематизација на работните места во Агенцијата.

**Образложение**

До Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги како имател на информации, од барателот на информација преку застапник/полномошник на барателот на информацијата поднесено е Барање за пристап до информации од јавен карактер бр.0302-169/1 од 02.03.2022 година (наш.арх.бр.12-925/1 од 09.03.2022 година), со кое се бара пристап до информации од јавен карактер во однос на постапката за јавна набавка на „Средства за заштита од пандемијата COVID-19“ со бр.16311/2021.

По извршениот увид Агенцијата утврди дека располага со бараната информација од јавен карактер и дека не постојат законски причини за нејзина недостапност, поради што се овозможи целосен пристап до бараната информација, која е наведена во точка 2 од диспозитивот на ова Решение.

Во врска со напред наведеното, врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 15 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20 и 77/21), а согласно член 20 став 1, член 21 и член 27 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/19) и член 88 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.124/15), се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Службено лице за посредување со информации

__________________________

Цветанка Митревска

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Директор,**

__________________________

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение барателот на информација може да поднесе жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер.

**Доставено до:**
- Подносителот на барањето за пристап до информации од јавен карактер,
- Службено лице за посредување со информации на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,
- Архивата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.